dp CONSEIL
ASSURANCES & FISCALITÉ

# Данок на **Извор**

За новодојдени и семејства во Швајцарија

www.darkopankov.ch



# Што е тоа?

## Данок на Извор
### (Quellensteuer/ Impôt à la source)

Данокот по одбивка е даночен систем во Швајцарија, важен за новодојденците и семејствата за да ја разберат нивната финансиска состојба и нивните даночни обврски



# Како функционира данокот на извор?

Колку подобро го разберете, толку повеќе ги штитите вашите финансии




**Автоматски**

се одзема автоматски од платата секој месец

**Работодавач**

го задржува работодавачот и го префрла на даночната служба

**Новодојдени**

За новодојдени ова е најчестиот начин на плаќање данок, затоа што не се поднесува класична комплетна годишна даночна пријава од старт

**Нето Плата**

ти добиваш нето плата (после данок)

# ДА

## КОЈ ПЛАЌА ДАНОК НА ИЗВОР?

1 **Виза (B)**

Најчесто виза за подолг престок до 5 години

2 **Виза (L)**

Ограничена виза за краток престој. Макс. до една година

3 **Виза (G)**

работници кои живеат во Франција/Германија а работат во Швајцарија

# НЕ

## КОЈ НЕ ПЛАЌА ДАНОК НА ИЗВОР?

5 **Виза (C)**

Странци со виза C

4 **Швајцарци**

Луѓе со националност и пасош од Швајцарија

ap CONSEIL
ASSURANCES & FISCALITÉ

# Како се пресметува и каде се гледа

На платниот лист ќе видиш ставка како:

**Quellensteuer / Impôt à la source**




## Редослед

Ова е вкупниот износ што го заработуваш според договорот за работа, пред да се одземат било какви даноци и придонеси.

Овие износи автоматски се одземаат од бруто платата за пензија, инвалидитет, невработеност и други социјални осигурувања во Швајцарија.

Ова е данокот што работодавачот директно го задржува од платата и го уплаќа кај даночните власти, според твојата даночна категорија.

Ова е конечниот износ што реално го добиваш на твојата банкарска сметка по сите одбитоци.

CONSEIL
ASSURANCES & FISCALITÉ

# Зошто е важно за семејства и новодојдени?

Затоа што кај новодојдени често се случува:

## Статус

да не се пријави веднаш точен семеен статус

## Деца

да не се внесе точно бројот на деца

## Цена

Разлика во категорија = стотици CHF месечно.

CONSEIL
ASSURANCES & FISCALITÉ

# Категории за данок на извор:

Има повеќе, но во пракса, најмногу се среќаваат следниве:

## A0

**самец, без деца**

Данокот се пресметува само според твојата плата, без семејни олеснувања.

## B0

**оженет/мажена, 0 деца**

Данокот се пресметува како семејство, што често значи понизок данок од самец.

## B1

**оженет/мажена, 1 дете**

Имаш даночно олеснување поради едно издржувано дете.

## B2

**оженет/мажена, 2 деца**

Поголемо даночно олеснување поради две издржувани деца.

## C0

**два прихода, 0 деца**

Данокот се пресметува земајќи ги предвид двете плати, без олеснувања за деца.

## C1

**два прихода, 1 дете**

Двете плати се земаат предвид, но има олеснување за едно дете.

## C2

**два прихода, 2 деца**

Иако има две плати, олеснувањето за две деца значително влијае на данокот.

# Најчеста ситуација кај новодојдени: погрешна категорија

Еве типични примери:

**Грешка 1** — **Грешка 2** — **Грешка 3** — **Ако...** — **Ако...**

### Доселување

Семејство доаѓа во Швајцарија, едниот почнува работа → треба B0/B1/B2...

### Вработување

Подоцна почнува да работи и сопругата/сопругот → треба да се смени на C0/C1/C2...

### Родителство

Дете се раѓа или доаѓа во Швајцарија (семејно спојување) → треба промена од B0 → B1 или C1 → C2, итн.

### Ажурирање

Ако не се ажурира, можеш да плаќаш премногу (најчесто)

### Доплата

Ако не се ажурира, или да ти дојде доплата подоцна

CONSEIL
ASSURANCES & FISCALITÉ

# КОЈ Е ОДГОВОРЕН ДА ЈА ВНЕСЕ ТОЧНАТА КАТЕГОРИЈА?

Работодавачот е одговорен да ја внесе точната даночна категорија, но исклучиво врз основа на информациите што ти ги доставуваш (семеен статус, број на деца, приходи на сопружникот и слично), што значи дека доколку податоците се неточни или неажурирани, последиците најчесто паѓаат на товар на работникот.

- Но ти си тој што мора да пријави промени:

- **БРАК**
- **РАЗВОД**
- **ДЕЦА**
- **КОГА ВТОРИОТ СОПРУЖНИК ПОЧНАЛ РАБОТА**
- **ПРОМЕНА АДРЕСА / КАНТОН**

CONSEIL
ASSURANCES & FISCALITÉ

# МОЖЕ ЛИ ДА СЕ КОРЕГИРА/ ОПТИМИЗИРА?

Да, во многу ситуации може:

- **АКО ТАРИФАТА БИЛА ПОГРЕШНА**
- **АКО ИМАШ УПЛАТИ ВО ТРЕТ ПЕНЗИСКИ СТОЛБ**
- **АКО ИМАШ ВИСОКИ МЕДИЦИНСКИ ТРОШОЦИ**
- **АКО РАБОТИШ САМО ДЕЛ ОД ГОДИНАТА**
- **АКО ИМАШ ДЕЦА, А НЕ СЕ ЗЕМЕНИ ПРЕДВИД**

Рок до: **31 март**

CONSEIL
ASSURANCES & FISCALITÉ

# Мислиш дека премногу плаќаш?

најпрво што треба да направиш:

**Тарифа**

проверка на тарифа (B0/B1... или C0/C1...)

**Деца**

проверка дали децата се внесени правилно

**Корекција**

проверка дали има основа за корекција

**Поддршка**

помош со административните чекори

CONSEIL
FINANCES & FISCALITÉ

# РЕДОВНО ОДАНОЧУВАЊЕ

**за визи B / L**

ОД 2021 ГОДИНА, ЛИЦАТА СО ДОЗВОЛА B ИЛИ L МОЖАТ ДА ПРЕМИНАТ ОД ДАНОК НА ИЗВОР НА РЕДОВНО ОДАНОЧУВАЊЕ

# ДОБИВКА

ВО ОКОЛУ 90–95 % ОД СЛУЧАИТЕ, ЛУЃЕТО ДОБИВААТ ПОВРАТ НА ПАРИ ОД ДАНОК

CONSEIL
ASSURANCES & FISCALITÉ

# Редовно Оданочување

Со редовно оданочување можеш да пријавиш повеќе одбитоци, како на пример:

### 3-ти столб

Со 3-ти столб (3а) при редовно оданочување го намалуваш данокот преку дозволен одбиток.

### Транспорт

трошоци за транспорт до работа (јавен превоз/автомобил – според кантонски правила)

### Оброци

трошоци за оброци/исхрана на работа (ако се исполнети услови)

### Професија

професионални трошоци (работни алати, обука, курсеви)

### Здравство

медицински трошоци

### Деца

деца и трошоци за чување/градинка

CONSEIL
ASSURANCES & FISCALITÉ

“ ”

*Преминот на **редовно оданочување** е неповратен*

Откако ќе се одобри, нема враќање назад на данок на извор

“ ”

*Дозволи ни да направиме* ***проверка и симулација*** *пред да пратиш барање*

бидејќи во некои случаи може да испадне дека треба да доплатиш.

CONSEIL

ASSURANCES & FISCALITÉ

# DP CONSEIL

+41 79 901 13 38

CONTACT@DP-CONSEIL.CH

WWW.DARKOPANKOV.CH